*Надзорен одбор* *Скопје, 20.02.2019 година*

**До**
**Собранието на Комора**
**на овластени архитекти и овластени инженери**
**на Република Македонија**

**Предмет**: Дополна на Записник бр.02-210 од 18.02.2019

Почитуван Претседавач на Собранието на Комората,

Врз основ на Записникот од четвртата седница на Надзорен Одбор на Комората на овластени архитекти и овластени инженери одржана на ден 18.02.2019 година, Надзорниот одбор ги доставува следните Предлог-заклучоци:

1. Предлог – заклучок за задолжување на Управниот одбор на Комората да изготви Годишен Извештај за работа на Управниот одбор на Комората во претходната година (кој е обврска на Комората да го доставува до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, согласно чл.105 точка 3 од ЗГ) и истиот да го достави на разгледување и усвојување до Надзорниот одбор, најмалку 30 дена пред одржување на Годишното собрание.
2. Предлог – заклучок за задолжување на Управниот одбор на КАОИ да изготви предлог Програма за работа на Комората за наредната година и истата да ја достави на разгледување и усвојување до НО, најмалку 30 дена пред одржување на Годишното собрание.
3. Предлог – заклучок за задолжување на Управниот одбор на Комората да изготви Финансиски план за работа на Комората за наредната година и

истиот да го достави на разгледување и усвојување до Надзорниот одмор најмалку 30 дена пред одржување на Годишното собрание.

4. Предлог – заклучок за задолжување на Управниот одбор на Комората да ги доставува материјалите до Надзорен одбор најдоцна 7 дена пред одржување на секоја планирана седница на Управниот одбор, согласно член 19 од Статутот на Комората.

5. Предлог – заклучок за задолжување на Управниот одбор на Коморат да се изготват сите акти пропишани во чл.15 од Статутот на Комората.

Со почит,

Скопје, 20.02.2019 година

**Претседател на Надзорен Одбор**

М-р Кристинка Радевски, д.и.а.